**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Посебни услови за осигурување од одговорност на договарачот на осигурувањето од последици на несреќен случај

УС-нез-ДОГ
20-12-мк

## член 1: општи одредби

[1] По овие услови, е осигурена одговорноста на договарачот на осигурувањето за настанатата штета према лицата за кои склучил осигурување од последици на несреќен случај согласно соодветните дополнителни услови за:
- Гости во хотели, лекувалишта, мотели, кампови,
- Гости во јавни базени,
- Посетители на културно – уметнички, спортски и други приредби,
- Туристи и излетници,
- Лица кои при рекреација користат жичарници, ски-лифтови и гондоли.

[2] Изразите во овие услови го имаат следното значење:
- **договарач** - физичко или правно лице кое го склучува договорот за осигурување со осигурувачот;
- **оштетен** - лице за кое договарачот е одговорен за настанатата штета според важечки прописи или правни правила;
- **корисник на осигурувањето** - лице на кое осигурувачот му ја исплаќа сумата на осигурување, односно надоместот;
- **полиса** - писмен документ за склучување на договор за осигурување;
- **сума на осигурување** - е максималниот износ на осигурена сума до која осигурувачот дава покритие согласно полисата за осигурување, ако во овие услови не е поинаку одредено;
- **осигурен случај** - настан кој како можна последица има еден или повеќе оштетни побарувања према договарачот.

[3] Опсегот на осигурувањето од одговорност е одреден со суми на осигурување што се наведени во полисата и претставуваат горна граница на обврските на осигурувачот за еден осигурен случај, ако не е поинаку одредено во овие услови.

## член 2: осигурени опасности

[1] Осигурувачот гарантира за оштетните побарувања кои ги поднесуваат осигурениците осигурени од последици на несреќен случај, односно за случај на нивна смрт корисниците на осигурувањето, против договарачот на осигурувањето кога тој според важечките прописи или правни правила е одговорен за настанатата штета и тоа:
1) поради смрт, телесни повреди или настанување на трошоци за лекување;
2) поради оштетување или губење на предмети.

[2] Во осигурување се вклучени оштетни побарувања према договарачот на осигурувањето:
1) Хотел, лекувалиште, камп, мотел, бунгалов и други правни и физички лица кои се занимаваат со наем на преноќишта:
   а) поради настан кој им се случил на гостите за време на престој во просториите на договарачот, во неговите погони или на земјиштето наменето за одмор (парк, градина, итн.) кој има за последица смрт, телесно оштетување или настанување на трошоци за лекување;
   б) поради оштетување или исчезнување на предметите кои гостите му ги предале на чување на договарачот или ги чувале во собите за ноќевање, ако собата била заклучена во нивно отсуство;
   в) при доставување или испорака на предмети, ако тоа го прави договарачот;
   г) поради други штети на предметите на гостите кои настануваат на местата наведени во точка 1 а) од овој став;
   д) за оштетување, губење на накит и скапоцености или кражба на пари, осигурувачот гарантира само тогаш ако тие предмети му биле врачени на договарачот на чување.
2) Јавни базени (од отворен или затворен тип), други правни и физички лица кои се занимаваат со таква дејност:
   а) поради настани кои им се случиле на капачите во просториите на базените и имаат последица за смрт, телесно оштетување или настанување на трошоци за лекување;
   б) поради оштетување или губење на предмети кои капачите ги чувале во кабините или гардеробите на базенот;
   в) поради други штети на предметите од капачите кои настанале на местата наведени во точка 2 а) од овој став;
   г) за оштетување, губење накит и скапоцености или кражба на пари, осигурувачот гарантира само ако тие предмети и биле врачени на управата на базенот на чување.
3) Кина, театри, други правни лица кои организираат културно – уметнички, спортски и други приредби;
   а) Поради настани кои им се случиле на посетителите во просториите и на справите на договарачот, кои имаат за последица смрт, телесни оштетувања или настанување на трошоци за лекување;
   б) Поради оштетување или губење на предмети од гардероби, сали за приредби, од простории надвор од салите во кои може да се задржуваат само посетители со купена влезница, од спортски терени или други места каде се одржува приредбата, односно натпреварот, ако тоа место е одредено за гледачи;
   в) Поради други штети на предметите на посетителите кои настанале на местата наведени во точка 3 а) од овој став.
4) Туристички организации и физички лица кои превезуваат туристи и излетници:
   а) поради настани кои им се случиле на излетниците на договореното место пред поаѓање, во текот на возењето, на местото одредено за заминување по завршеното патување, а имаат за последица смрт, телесни повреди или настанување на трошоци за лекување;
   б) поради оштетување или губење на предмети кои излетниците ги имале со себе пред почетокот на возењето на одредено место за нив, во текот на возењето и непосредно по враќањето од излет на местото кое е

определено за заминување;

в) поради други штети на предметите на излетниците кои настанале на местата наведени под точка 4 а) од овој став.

5) Организации кои управуваат со жичарници, ски-лифтови и гондоли:
   а) поради настани кои им се случиле на осигурениците кои при рекреација користат жичарници, ски-лифтови и гондоли, за време на чекање на превоз, при влез, превоз и излез, а имаат за последица смрт, инвалидитет или настанување на трошоци за лекување;
   б) поради оштетување или уништување на предметите на лицата кои при рекреација користат жичарници, ски-лифтови и гондоли на места кои се наведени под точка 5 а) од овој став.

[3] Опсег на обврските на осигурувачот за штети што ги имаат:

1) Гости во хотели, лекувалишта, мотели, бунгалови, јавни базени;
   а) за губење накит, скапоцености и кражба на пари, без оглед на износот, осигурувачот гарантира само тогаш ако гостинот му ги предал на договарачот на чување со пишана потврда и ако договарачот го чува накитот и парите во заклучени каси, а останатите скапоцености во заклучен простор одреден за тоа;
   б) за губење накит и други предмети, осигурувачот гарантира само во случај ако гостинот ги чувал во собата за ноќевање која била заклучена во негова отсутност.
2) Гости во кампови:
   За исчезнување пари, без оглед на износот, накит и други предмети, осигурувачот гарантира само тогаш ако гостинот за време на отсуство ги предал на овластено лице од кампот на чување со пишана потврда и ако преземените предмети се чувале во заклучени каси, односно заклучени простории одредени за тоа.
3) Гости во приватни соби:
   За губење накит, скапоцености и други предмети, за пари без оглед на износот, осигурувачот гарантира само тогаш ако гостинот за време на отсуство ги предал на чување на сопственикот на станот со пишана потврда и ако сопственикот ги чувал во заклучена каса односно заклучен дел од мебелот.

[4] Скапоцен предмет се смета дека е предмет чија вредност преминува 30% од сумата на осигурување за предмети покриени со осигурувањето од одговорност на договарачот на осигурувањето од последици на несреќен случај (на пр. апарати, инструменти, саати, вредносни хартии, уметнички дела, лични карти и документи, филателистички, нумизматички збирки и сл.).

[5] Ако договарачот е одговорен за исчезнувањето на накитот и скапоценостите, а гостинот не ги дал на чување во согласност со овие услови, износот на обврските на осигурувачот е во висина до 30% од сумите на осигурување за предмети покриени со осигурувањето од одговорност за секој предмет, и тоа само ако разликата над тој износ на оштетеното лице, му ја надомести договарачот на осигурувањето.

## член 3: траење на осигурувањето и покритието

[1] Со оглед на траењето на осигурувањето и покритието, важат одредбите на Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода).

## член 4: обврски и права на осигурувачот

[1] Осигурувачот е должен:

1) да ја проучи и испита основата и опсегот на одговорностите на договарачот;
2) да исплати надомест за штета во рамките на договорените суми, кои договарачот е должен да ги исплати на корисникот на осигурувањето врз основа на правосилни судски пресуди, судски или вонсудски спогодби;
3) да му ги надомести на договарачот сите судски и вонсудски трошоци кои ги имал со цел намалување на оштетното побарување, како и трошоците за одбрана во казнена постапка која е покрената поради дела или пропусти кои би можело да имаат за последица одговорност на договарачот, само во случај осигурувачот да ја прифатил таквата одбрана. Овие трошоци, го вклучуваат и хонорарот на бранителот кој бил ангажиран по желба или одобрување на осигурувачот, без оглед на успехот на судскиот спор, односно казнената постапка. Трошоците за казнената постапка што ги имало оштетеното лице, осигурувачот не е должен да ги надомести.

[2] Осигурувачот има право да стапи во парница што се води помеѓу осигуреникот и договарачот на осигурувањето како медијатор, да го превземе водењето на парницата или да стапи во парницата на местото од тужената странка.

[3] Исклучени се сите обврски на осигурувачот:

1) ако договарачот не ги почитувал договорените мерки со осигурувачот за спречување на настани кои како последица би можело да имаат негова одговорност или ако не ги почитувал мерките пропишани од надлежните тела за постигнување на истата цел, а штетата настанала поради тој пропуст;
2) ако оштетувањето или уништувањето настанало после престанок на гаранцијата, иако предметите биле предадени на договарачот пред престанувањето на гаранцијата;
3) за штети кои би настанале на моторни возила и приколки за време на паркирање, како и за оние кои се наоѓаат во кампови, за губење, оштетување или уништување на предмети кои се наоѓаат во моторните возила и приколки или покрај нив.

## член 5: обврски на договарачот на осигурен случај

[1] Кога ќе настане осигурениот случај, договарачот е должен:

1) веднаш да го извести осигурувачот за тоа, а најдоцна во рок од 3 дена по приемот на оштетното побарување, односно од сознанието дека е покрената казнена постапка поради настан кој има за последица обештетување од одговорност;
2) во пријавата посебно да наведе: време, начин и причина на настанување на штетниот настан, список на изгубените, оштетените или уништени предмети, нивната набавна вредност и висина на настанатата штета, и детален опис на телесните повреди на оштетеното лице;
3) секој настан кој има за последици казнена одговорност било кога, веднаш да го пријави на телата кои се надлежни за казнено обвинителство;
4) да преземе сè што е потребно за намалување на штетата, да направи сè што би можело да служи за разјаснување на случајот и за одбрана од неоправдани и претерани барања и во тој поглед да се придржува на инструкциите од осигурувачот;
5) да направи сè што е потребно за остварување на регресно побарување за поврат према лицата кои се одговорни за настанатата штета или тоа право да го пренесе на осигурувачот;
6) во случај на тужба за надомест на штета, веднаш писмено да го извести осигурувачот.

[2] Ако договарачот не ја изврши должноста од претходниот став, осигурувачот има право да ги намали своите давачки за износ во висина колку што настанала штетата.

[3] Во случај изгубените предмети да се пронајдат после исплатата на оштетата, договарачот е должен да му предложи избор на оштетеното лице: да ги прими пронајдените предмети и да го врати примениот надомест за обештетување; да го задржи примениот надомест за обештетување и пронајдените предмети да му ги препушти на осигурувачот. Ако оштетеното лице не се одлучи во поставениот рок, пронајдените предмети му припаѓаат на осигурувачот.

## член 6: исплата на надомест за штета

[1] Осигурувачот е должен да го исплати надоместот за штета во рок од 14 дена од денот кога договарачот во согласност со осигурувачот го исплатил оштетното побарување, односно во рок од 14 дена од кога на договарачот му била врачена правосилна пресуда со која биле одредени неговите обврски или тие обврски биле воспоставени врз основа на согласност на осигурувачот и договарачот.

[2] Ако оштетното побарување ја надминува сумата на осигурување, се смета дека осигурувачот ги исполнил своите обврски ако на договарачот му исплати или му стави на располагање износ кој одговара на сумата на осигурување и до тогаш настанатите судски трошоци.

[3] Ако износот на туженото оштетно побарување ја преминува сумата на осигурување, осигурувачот е соучесник во трошоците во висина од односот помеѓу сумите на осигурување и признатото побарување, дури и тогаш кога има повеќе спорови за ист настан.

[4] Ако договарачот се противи на предлогот на осигурувачот побарувањето за оштета да се ликвидира со спогодба, осигурувачот не е должен да го плати тој дел од надоместот, каматата и трошоците кои би настанале поради тоа што договарачот не ја прифатил спогодбата.

[5] Ако осигурувачот се противи на предлогот на договарачот оштетното побарување да се ликвидира со спогодба, осигурувачот е должен да го исплати вишокот од штетата и тогаш кога ја надминува сумата на осигурување во полисата.

## член 7: право на осигурувачот на регрес

[1] Во исплатата на оштетниот надомест, осигурувачот учествува до висината на исплатениот надомест во правата на договарачот против трети лица.

[2] И покрај одредбата од претходниот став од овој член, осигурувачот не учествува во правата на договарачот против трети лица, ако договарачот ги издржува тие лица или живее со нив во заедничко домаќинство, освен ако тие лица намерно ја предизвикале штетата.

## член 8: примена на општи услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода)

[1] За осигурувањата склучени согласно овие Посебни услови се применуваат и Општи услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), доколку не се во спротивност со Посебните услови.

## член 9: важност на условите

[1] Овие Посебни услови стапуваат во сила од денот на нивното донесување, а ќе се применуваат од 01.01.2021 година.